**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ -

УП бр.1310-81
Бр.на постапка 57836
од 11 .06.2024 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**За организирање на јавен увид по**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г3- Индустрија на финални производи и сервисни услуги, на КП 1236, КП 1227, КП 1228/1, КП 1022/2, КО Башино Село, Општина Велес.

Границата на проектниот опфат се движи:

- на север границата се движи по линијата на соседната КП 1222;
- На исток границата се движи по линијата на соседната КП 1235/1, КП 1228/2;
- На југ се движи по линијата на соседната КП 1433;
- На запад се движи по линијата на соседната КП 1230 и КП 1221/1.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 10825,38 м$^2$.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г3- Индустрија на финални производи и сервисни услуги, на КП 1236, КП 1227, КП 1228/1, КП 1022/2, КО Башино Село, Општина Велес, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 12.06.2024 до 26.06.2024 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk). Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев